**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-213/6**
**26.07.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.32/2020) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Блок 3 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија – Граничен премин ,,Богородица,, - општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и јавна анкета за Изменување и дополнување на дел од Блок 3 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија – Граничен премин ,,Богородица,, - општина Гевгелија**

Предметниот плански опфат за изработка на Измена и дополнување на дел од Блок 3 од УПВНМ за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-граничен премин Богородица, општина Гевгелија, е ограничен со:

- на североисток со осовината на трасата на Автопатот А1 Табановце-Богородица.
- на југоисток и југозапад со осовините на трасата на планирани сервисни улици “4” и “5”;
- на северозапад со северните граници на ГП 3.08 и ГП 3.02.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 10,803 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народен театар во Гевгелија на ден 18.08.2023 година (петок) со почеток во 11.00 часот.**

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласна табла во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, во Службен Гласник на Општина Гевгелија.

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Јавната анкета ќе трае 30 дена и тоа од 18.08.2023г. до 18.09.2023г.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk